# ХРОНИКИ И СООПШТЕНИЈА

## НАУЧЕН СОБИР „ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА"

Вклучувајќи се во републичката прослава по повод 80-годишнината од Илинденското востание и смртта на Гоце Делчев, Македонската академиија на науките и уметностите во соорганизација со Филозофскиот факултет во Скопје, Институтот за национална историја во Скопје, Институтот за социолошко и политичко-правни истражувања во Скопје, Друштвото за наука и уметност во Битола, Друштвото за наука и уметност во Прилеп и научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република" во Крушево, организира научен собир на тема: „Илинденското востание во Македонија".

Собирот се одржа на 30 јуни, 1 и 2 јули 1983 година во Битола и во Крушево.

На 30 јуни 1983 година, во претпладневните часови, учесниците го посетија споменикот на македонскиот револуционер и член на Македонската револуционерна организација — Пере Тошев и споменикот на еден од основоположниците на Македонската револуционерна организација Даме Груев во с. Смилево. За погибијата на пере Тошев говореше акад. Љубен Лапе, а за животописот и револуционерната дејност на Даме Груев и за историското минато на селото Смилево говореше м-р Јован Кочанковски. Учесниците на научниот собир и гостите пред споменикот на Даме Груев положија венец и свежо цвеќе.

За учесниците на собирот, претседателот на општината Демир Хисар приреди прием во с. Смилево, а претседателот на општината Битола организираше прием во Спомен домот на културата во Битола.

Научниот собир, во присуство на повеќе гости од градот и од Републиката, на учесниците со реферати и др., го отвори претседателот на организациониот одбор и претседател на Македонската академија на науките и уметностите, акад. д-р Михаило Апостолски.

Собирот го поздравија и на учесниците им пожелаа успешна работа: Владимир Георгиев, претседател на Собранието на општината Битола, Васка Дуганова, претседател на Републичкиот одбор за одбележување на 80-годишнината од Илинденското востание, генерал полковникот Ламбе Михајловски, командант на Скопската армиска област и архиепископот охридски и македонски Г.Г. Ангеларий. По поздравните говори м-р Милан Кочанковски, претседател на Друштвото за наука и уметност во Битола го промовира зборникот на трудови „Прилози за Даме Груев", во кој се објавени научните прилози од тркалезната маса организирана од страна на Друштвото за наука и уметност во Битола во декември 1982 година, како и пригодни материјали по повод одбележувањето на 75-годишнината од смртта на Даме Груев.

Потоа беше изведена уметничка програма од револуционерни песни и стихови за Илинден. Во

вечерните часови учесниците пристигнаа во Крушево каде што беа сместени во хотелот „Монтана".

Работниот дел на собирот во наредните два дена, односно на 1 и 2 јули 1983 година се одвиваше во просториите на хотелот „Монтана". На првиот работен ден собирот и учесниците беа поздравени од Коста Аргировски, претседател на Собранието на општината Крушево, кој во исто време на учесниците и на гостите им пожела и пријатен престој во ова убаво историско гратче, а делегација на собирот положи венец пред споменикот на Илинден „Македониум".

На собирот беа пријавени вкупно 30 учесници со реферати. Од нив 24 учесници ги изнесоа своите уводни излагања, тројца учесници ги приложија своите реферати, а тројца учесници не ги доставија своите прилози за објавување.

Со свои уводни излагања на собирот настапија: доп. член проф. д-р Данчо Зографски, Суштноста и карактерот на Илинденското востание; акад. Љубен Лапе, Местото и улогата на Задграничното претставништво на ТМОРО; проф. д-р Христо Андонов-Полјански, Кон британските извештаи за воените аспекти на Илинденското востание; д-р Крсте Битоски, Улогата на големите сили во револуционерно-ослободителните борби на Македонија (1893—1903); д-р Васил Тупурковски. Илинденското востание, македонската државност и меѓународното право; ген. потполковник Петар Пепељуговски, Востаничките дејствија при ослободувањето и одбраната на Крушево 1903 година (Илинденско востание); Ристо Дамјановски, Воено -политичката стратегија и тактика на Илинденското востание; м-р Шабан Превала, Моменти од соработката на македонските востаници со симпатизери на движењето од албанската народност; акад. д-р Манол Пандевски. Револуционерното движење наспрема територијалниот интегритет, пропагандите и автономијата на Македонија; акад. д-р Михаило Апостолски, Балканските држави и Илинденското, востание; д-р Петар Стојанов, Еден предлог за српско-бугарската федерација и автономија на Македонија (1904 година); д-р Миомир Дашиќ, Политиката на Црна Гора спрема Илинденското востание 1903 година; д-р Климент Џамбазовски, Српската јавност за револуцијата на македонскиот народ на Илинден 1903 година; д-р Блаже Ристовски, Илинден во печатот на македонската емиграција од 30-тите години; доп. член проф. д-р Александар Христов, Идејниот концепт на Револуцијата од 1903 година и новите идејно-теоретски сознанија за нејзиниот развој; проф. д-р Стеван Габер, Револуционерното и државно-творечкото во Илинденските настани; проф. д-р Владимир Картов, Борбата за држава како суштинска цел на македонското националноослободително движење; проф. д-р Војо Кушевски, Делото на Илинден при актуализирањето на македонското прашање во Друштвото на народите; д-р Боро Мокров, Методите и средствата на револуционерната пропаганда пред и по востанието; д-р Ристо Кирјазовски, Ставовите на КПГ и други демократски партии и организации во Грција за Илинденското востание; Живко Василевски, Одзивот на Илинденското востание во печатот на Аргентина; Христо Андоновски, Илинденското востание 1903 и Македонците во Грција; д-р Ристо Поплазаров, Борбата на револуционерно -демократските сили за спроведу-

вање на националноослободителните цели во дејноста на МРО и во Илинденското востание; м-р Александар Трајановски, Учеството на селанството од Крушевскиот реон во Илинденското востание. Своите трудови за печатење ги приложија: д-р Глигор Тодоровски, Револуционерната организација и Мирцштегската реформна политика; проф. д-р Љубиша Доклестиќ, Општествената и политичката условеност на борбата на МРО за автономија на Македонија; и д-р Славко Димевски, Македонската нација и контроверзите во ВМРО.

По излагањето на рефератите се разви жива дискусија во која зедоа учество повеќе научни работници, и тоа: Христо Андонов Полјански, Христо Андоновски, Живко Василевски, Стеван Габер, Миомир Дашиќ, Данчо Зографски, Владимир Картов, Ристо Кирјазовски, Томе Момировски, Петар Пепељугоски, Ристо Поплазаров, Блаже Ристовски, Александар Христов.

Во поднесените уводни излагања и во дискусијата што се водеше по нив, беше извршена анализа на собраниот историографски материјал, а беа изнесени и некои нови моменти и сознанија за настаните во Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век, како и за одгласот на овие настани и на Илинденското востание во светот.

Од уводните излагања и од дискусиите може да се заклучи дека се дадени нови прилози за Илинденското востание, кои даваат можност во анализата на востанието да се навлезе подлабоко и да се разјаснат условите во кои тоа се развивало.

Благој СТОИЧОВСКИ

## НАУЧЕН СОБИР „УЧЕСТВОТО НА НАРОДНОСТИТЕ ВО НОБ И СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА РЕВОЛУЦИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА (1941—1945)"

Во организација на Општинскиот одбор на Сојузот на борците на градот Дарувар, Социјалистичка Република Хрватска од 15 до 18 септември 1983 година беше одржан мошне успешен научен собир на тема: „Учеството на народностите во НОБ и Социјалистичката револуција на Југославија (1941—1945)". На собирот беа поднесени преку 20 реферати и соопштенија, кои заедно со дискусијата водена по нив, ќе бидат објавени во посебен зборник.

Од Социјалистичка Република Македонија на Научниот собир учествуваше научниот советник од Институтот за национална историја д-р Растислав Терзиоски со реферат под наслов: „Местото на народностите на Македонија под бугарската окупација 1941—1944 година."

Собирот укажа на многу важни проблеми што чекаат соодветна обработка. Беше укажано на потребата и натаму да се работи на оваа проблематика. Ќе мора и поширoко и подлабоко да се обработи улогата на народностите во НОБ и Револуцијата како и нивниот третман од страна